Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Информации и расположлива документација во врска со катастарска парцела КП бр.** [redacted] **Општина Демир Хисар**, и тоа:

**1.** Дали за КП бр. [redacted], во било кој период до денот на постапување по ова барање, било издадено **одобрение за градење**, односно друг акт со кој се одобрува изградба на објект на наведената катастарска парцела.

**2.** Доколку е издадено одобрение за градење или друг соодветен акт, да ми се достават следните информации:

- број и датум на одобрението/актот;
- датум на правосилност, односно конечност, доколку постои таков податок;
- **име/назив на инвеститорот**, односно физичкото или правното лице на кое му е издадено одобрението;
- намена и вид на објектот;
- катастарски податоци за објектот, доколку се наведени во актот;
- број на управниот предмет под кој се водела постапката.

**3.** Дали за КП бр. [redacted] **се водела или се води постапка за издавање одобрение за градење**, независно од тоа дали постапката резултирала со издавање одобрение.

Доколку постоела таква постапка, да ми се достават информации за:

- бројот на предметот;
- датумот на започнување на постапката;

- статусот на предметот;
- начинот на кој постапката е завршена, доколку е завршена.

**4.** Доколку за КП бр. [redacted] постои или постоело издадено одобрение за градење, да ми се достави **електронска копија од одобрението за градење и другите релевантни акти поврзани со истото**, во обем во кој тоа е дозволено согласно закон.

**5.** Доколку постои документација поврзана со одобрението за градење, како што се решение, измена и/или дополнување на одобрението, продолжување на важноста, поништување, укинување или друг акт поврзан со истото, да ми се достави информација за постоењето на таквата документација и, доколку е дозволено согласно закон, нејзина електронска копија.

**6.** Доколку бараните документи содржат лични податоци или други информации за кои постои законско ограничување на пристапот, барам да ми се овозможи **делумен пристап до документите**, со заштита/анонимизација само на податоците за кои постои законска основа за ограничување на пристапот.

**7.** Доколку Општина Демир Хисар не располага со некоја од бараните информации, Ве молам да ме известите за тоа и, доколку се исполнети законските услови, барањето да биде **препратено до надлежниот имател на информацијата**, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со известување до мене.

Бараните информации се однесуваат на **расположливата службена евиденција за КП бр.** [redacted] независно од тоа дали истите се објавени на интернет-страницата на Општина Демир Хисар.

**Датум:** 04.09.2026

**ДО** [redacted]

[redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-817/1, 03.09.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 03.09.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со тоа дали е издадено одобрение за градење на одредена катастарска парцела, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со тоа дали е издадено одобрение за градење на одредена катастарска парцела.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 03.09.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 03.09.2026 година под архивски број 18-817/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 04.09.2026 година, под бр. 18-817/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Општина Демир Хисар до денот на постапување по барањето од барателот на информацијата, нема издадено одобрение за градење, не водела и не води постапка за издавање на одобрение за градење на КП [redacted], Општина Демир Хисар.

Доколку во иднина биде поднесено барање за одобрување за градење, Општина Демир Хисар ќе постапи согласно позитивните законски прописи од предметната област.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------